РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 3970/2

03-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 60-та седница, одржано на ден 31.01.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12 - 3970/1 од 20.11.2020 година, поднесена до ДКСК од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во пријавата се содржани наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и друг орган е надлежен да постапува, а доставената пријава ќе ја достави на запознавање на Градоначалникот на Општината и Министерстовото за животна средина и просторно планирање на РСМ.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, иницијативен одбор за спас на -------------, на ден 20.11.2020 година, поднесена е пријава по која е оформен е предмет број 12 - 3970/1 од 20.11.2020 година со наводи против инспекторка по екологија во Струмица, за сомневање дека истата била поткупена од страна на сопственикот на фирмата ------------- ----------од ------------, кој поседувал фабрика за ѓубрива што работела според никакви стандарди за работа и дека поради тоа што инспекторката била поткупена, од нејзина страна не било преземено ништо по однос на пријавата за загадување и пропусти од областа на екологијата поднесена против наведеното правно лице, а таа била принудена да молчи за овој случај. Во доставената пријава се бара да се преземат мерки против инспекторката по екологија во Струмица и се наведува дека по однос на предметниот случај бил известен Државниот инспекторат за екологија, додека пак по однос на незаконитито работење на наведеното правно лице и неговото неплаќање на данок на државата, било пријавено до Управата за јавни приходи Струмица, па во копија до ДКСК доставени се и известувањата кои биле испратени до наведените надлежни институции.

По разгледувањето на предметот, ДКСК констатира дека се работи за пријава која е поднесена од непознат подносител и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата и утврди дека во истата се содржани наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и дека по однос на пријавените наводи биле известени други надлежни институции. Оттаму, ДКСК оцени дека дека друг орган е надлежен

да постапува за пријавените наводи и нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, а доставената пријава ќе ја достави на запознавање на Градоначалникот на Општината и Министерстовот за животна средина и просторно планирање на РСМ, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК